Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

Примено: 25-02-2015			
Орг. единица	Број	Прилог	Вредност
11	1505	1	

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Врз основа на член 28 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. Програмскиот надзор се врши како: **контролен**

2. Субјекти на надзорот: Друштво за телекомуникации и софтвер-кабелски оператор КАБЛЕКАЛЛ увоз-извоз ДООЕЛ Кичево, подружница Дебар - аналоген пакет

3. Датум на извршување на надзорот: 24.02.2015 година.

4. Предмет на надзорот:

Надзорот се врши со цел да се констатира дали операторот постапил по Решението за опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмски сервиси Уп.1 бр.11-709 од 26.12.2014 година, издадено врз основа на претходно извршен програмски надзор спроведен на ден 23.12.2014 година.

5. Претходно изречена мерка:

Решение за опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмски сервиси Уп.1 бр.11-709 од 26.12.2014 година издадено врз основа на Писмениот извештај за извршен вонреден програмски надзор на бр.11-6551/1 од 25.12.2014 година. Решението е уредно примено на 27.12.2014 година.

6. Констатации од надзорот:

Со спроведениот надзор е констатирано дека операторот постапил во целост по упатеното решение.